Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), член 22 од Правилникот за регулирање на цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 161/20 и 159/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 јули 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на надоместок за системски услуги и системска резерва за 2022, 2023 и 2024 година, регулиран максимален приход за вршење на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија и тарифен став за произведена топлинска енергија за 2022 година на Друштвото за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје**

1. На Друштвото за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се одобрува надоместокот за системски услуги и системска резерва за вршење на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија да изнесува:

    - 320.974.139 денари за 2022 година,
    - 303.863.385 денари за 2023 година и
    - 303.818.663 денари за 2024 година.

2. Регулираниот максимален приход за вршење на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија за 2022 година се одобрува да изнесува 2.013.121.872 денари за произведена количина на топлинска енергија од 184.723.339 kWh.
3. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 2 на оваа Одлука, и согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19, 219/19 и 19/22), се определуваат месечниот надоместок за системски услуги и системска резерва и тарифниот став за производство на топлинска енергија на ниво на регулиран производител за 2022 година да изнесуваат:

| РЕГУЛИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА | единица мерка | од 01.08.2022 година |
|---|---|---|
| Месечен надоместок за системски услуги и системска резерва | ден/месец | 29.640.001 |
| Тарифен став за произведена топлинска енергија на регулиран производител | ден/kWh | 8,9726 |

4. Месечниот надоместок и тарифниот став од точка 3 на оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2022/2023 година.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2022 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), согласно член 19 од Правилникот за регулирање на цени на топлинска енергија и системски услуги (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за регулиран период бр.0302-388 од 27.05.2022 година, заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП1 бр.11-165/22 од 27.05.2022 година (во понатамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, друштвото ја достави потребната документација согласно Правилникот:

- Прилог 1 – Рекапитулар на вредноста на основните средства,
- Прилог 2 – Пондерирана просечна цена на капитал (WACC),
- Прилог 3 - Пресметка на трошокот за оперативни резерви,
- Прилог 4 - Изјава за веродостојноста на поднесените податоци од страна на Друштвото,
- Прилог 5 - Табеларни прегледи на податоци потребни за регулирање на цена и максимален приход,
- Прилог 6 - Список на вработени лица во Друштвото со состојба од 30.04.2022 година,
- Прилог 7 - Објаснување на доставените податоци,
- Бруто биланс за периодот јануари – декември 2021,
- Бруто биланс за периодот јануари – април 2022,
- Извештај за економско финансиската состојба на друштвото и Извештај за техничката состојба на основните средства со кои се врши регулираната дејност производство на топлинска енергија,
- Комплет на годишна сметка 2021 (финансиски извештаи со сите прилози поднесени до Централен регистар на Република Северна Македонија),
- Одлука за барање на максимален приход и цена за регулиран период,
- Ревизорски извештај за 2021 година,
- Тековна состојба на правното лице од единствен трговски регистар и регистар на други правни лица,
- ЦД со податоци во електронска форма.

По барање на Регулаторната комисија за енергетика, Друштвото дополнително кон барањето ја достави и следната документација:

- Договори за снабдување со електрична енергија,
- Решение од Управата за јавни приходи за утврдување на обврски,
- Сумарен и месечен бруто биланс за периодот јануари – јуни 2022,
- Преглед на побарувања и обврски,
- Записник од надворешна контрола од Управата за јавни приходи.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот на 8 јуни 2022 година го објави известувањето во врска со Барањето на Друштвото на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, како и во дневните весници „Нова Македонија“ и „ Коха“.

По објавеното известување, во рокот утврден во известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

На 20 јуни 2022 година Регулаторната комисија за енергетика донесе Одлука за престанок на важење на одлуката за издавање на лиценцата за вршење на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија од страна на регулиран производител УП1 бр.11-182/22 од 20 јуни 2022 година, врз основа на поднесено Барање за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, заверено со архивски број УП1 бр.11-182/22 од 9 јуни 2022 година, од страна на Друштвото.

Владата на Република Северна Македонија на 20 јули 2022 година усвои Заклучоци бр.41-6083/1 со кои се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика да го применува Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги при утврдување на регулираниот максимален приход и тарифа за вршење на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија, врз основа на поднесено барање од страна на Друштвото, се до денот на влегување во сила на Одлуката за издавање на лиценца на новиот вршител на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија, избран по спроведена постапка за избор на вршител на енергетска дејност којшто ќе има обврска за обезбедување на јавната услуга регулирано производство на топлинска енергија, согласно член 51 став (2) од Законот за енергетика*.

Владата на Република Северна Македонија во текот на месец јануари 2022 со цел да обезбеди сигурност во снабдувањето со топлинска енергија преку АД ЕСМ обезбеди финансиски средства за набавка на природен гас во износ од 284.990.507 денари.
Овие средства Друштвото ќе ги врати на АД ЕСМ по признавање на реално остварениот трошок за гориво за јануари 2022 година вклучен во оваа одлука и во контролата на разликите помеѓу прогнозираните и оправдано реализираните приходи и трошоци на Друштвото за 2022 година.

Во согласност Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1902/1 од 26 јули 2022 година свика подготвителна седница на 28 јули 2022 година на која предмет на разгледување беше оваа Предлог- Одлука.

На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, Скопје Север АД – Скопје, АД ЕСМ, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за економија, Министерство за финансии, Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката – Скопје, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

По однос на Предлог- Одлуката забелешки имаа Друштвото, АД АДОРА и ТЕ-ТО АД Скопје, коишто беа земени во предвид при носењето на оваа Одлука.

**Податоци од Барањето**

Барањето е поднесено во согласност со Правилникот и ги содржи следните податоци:

| ОПИС | Ед.мерка | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2022 | 2023 | 2024 |
| Оперативни трошоци | денари | **342.511.833** | **335.043.396** | **341.744.264** |
| - Трошоци за материјали, енергија, резервни делови | денари | 221.859.174 | 233.548.701 | 238.219.675 |
| - Трошоци за тековно одржување | денари | 14.678.034 | 15.118.375 | 15.420.743 |
| - Трошоци за осигурување | денари | 4.434.665 | 4.567.705 | 4.659.059 |
| - Бруто плати | денари | 55.549.651 | 57.216.141 | 58.360.463 |
| - Менаџерски плати и награди | денари | 0 | 0 | 0 |
| - Други услуги | денари | 16.056.605 | 16.538.303 | 16.869.069 |
| - Останати и вонредни трошоци | денари | 29.933.704 | 8.054.171 | 8.215.255 |
| Пренесени трошоци | денари | 25.244.897 | 25.942.019 | 26.460.859 |
| Амортизација на ОС под закуп | денари | 34.861.385 | 38.001.513 | 40.443.402 |
| Амортизација на сопствени ОС | денари | 1.364.652 | 1.252.114 | 1.294.294 |
| Принос на капитал на сопствени средства | денари | 1.579.025 | 1.375.092 | 1.503.066 |
| Принос на капитал на средства под закуп | денари | 24.107.311 | 24.743.581 | 24.731.346 |
| Трошоци за гориво | денари | 2.529.144.733 | 3.967.770.640 | 3.262.634.275 |
| Надомест за системски услуги и системска резерва | денари | 404.424.206 | 400.415.696 | 409.716.371 |
| Просечен RAB на основни средства под закуп | денари | 438.314.742 | 449.883.293 | 449.660.835 |
| Просечен RAB на сопствени средства | денари | 28.709.546 | 25.001.669 | 27.328.465 |
| Обртен капитал | денари | 50.582.895 | 79.355.413 | 65.252.686 |
| WACC | % | 5,50 | 5,50 | 5,50 |
| Фактор на корекција | денари | -390.012.500 | | |
| Регулиран максимален приход | денари | 3.399.409.230 | 4.473.483.768 | 3.764.064.191 |
| Количина на произведена топлинска енергија | kWh | 357.600.017 | 605.901.863 | 617.401.169 |

**Анализа на Регулаторна комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации од Барањето врз основа на што ја изготви оваа Одлука.

При анализа на доставените податоци во Барањето за регулираниот период 2022 -2024 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

**Надоместок за системски услуги и системска резерва**

Надоместок за системски услуги и системска резерва за периодот 2022 – 2024 година и влезните параметри за негова пресметка се презентирани во следната табела:

| Р.бр. | О П И С | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Оперативни трошоци (О)** | **241.728.138** | **241.861.178** | **241.952.533** |
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 160.086.351 | 160.086.351 | 160.086.351 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 6.836.647 | 6.836.647 | 6.836.647 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 4.434.665 | 4.567.705 | 4.659.059 |
| 1.4 | Бруто плати | 36.804.864 | 36.804.864 | 36.804.864 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 13.718.730 | 13.718.730 | 13.718.730 |
| 1.6 | Други услуги | 16.056.605 | 16.056.605 | 16.056.605 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 3.790.276 | 3.790.276 | 3.790.276 |
| **2** | **Амортизација (D)** | **36.226.038** | **36.113.500** | **36.155.679** |
| 2.1 | Амортизација за сопствени средства | 1.364.652 | 1.252.114 | 1.294.294 |
| 2.2 | Амортизација за средства под закуп | 34.861.385 | 34.861.385 | 34.861.385 |
| **3** | **Принос на регулирани средства** | **24.395.192** | **24.330.192** | **24.260.522** |
| 3.1 | Принос на сопствени средства | 208.185 | 143.184 | 73.514 |
| 3.2 | Принос на средства под закуп (трошоци за закуп на о.с.) | 24.187.008 | 24.187.008 | 24.187.008 |
| **4** | **Надоместок за системски услуги и системска резерва (Ns0, Nst)** | **320.974.139** | **303.863.385** | **303.818.663** |

При утврдување на оперативните трошоци за регулираниот период 2022 – 2024 година, Регулаторната комисија за енергетика ги имаше во предвид остварените трошоци во претходниот регулиран период (2019 – 2021 година) како и остварените трошоци во првата половина на 2022 година, при што:

- Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар во 2022 година, со исклучок на трошокот за електрична енергија, се пресметани согласно остварените трошоци за 2021 година. Трошокот за електрична енергија е пресметан согласно остварените трошоци за периодот јануари-јуни 2022 година и анализираната потрошувачка на електрична енергија на годишно ниво.
- Трошоците за тековно одржување и останатите и вонредни трошоци се пресметани како просек од остварени трошоци за периодот 2019-2021 година.
- Трошоците за други услуги за 2022 година се прифатени согласно податоците од Барањето и истите за задржани на исто ниво за сите три години од регулираниот период.
- Трошоците за осигурување се прифатени согласно податоците од Барањето.
- Трошоците за бруто плати и менаџерските плати и награди се пресметани согласно остварените трошоци за периодот јануари-јуни 2022 година.

Амортизацијата на сопствените средства е прифатена согласно податоците од Барањето, додека амортизацијата на средствата на закуп за 2022 година е прифатена согласно податоците од Барањето и е задржана на исто ниво за наредните две години од регулираниот период.

Приносот на сопствените средства за дејноста производство на топлинска енергија е пресметан за постојните средства и примена на WACC на ниво од 5,47%. Вредноста на сопствените средства за дејноста производство на топлинска енергија и приносот е прикажана во табелата подолу.

| Р.број | Опис | Базна година | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| **1** | **RAB** $_{start}$ | **5.713.679** | **4.366.365** | **3.242.726** | **1.990.612** |
| **1.1** | Состојба на 01.01. | 5.713.679 | 4.366.365 | 3.242.726 | 1.990.612 |
| **1.2** | Инвестиции во текот на годината | 110.953 | 241.013 | | |
| | во сопственост на ПТБЕ | 110.953 | | | |
| | под закуп | | | | |
| **2** | **Одбитни ставки** | **1.458.266** | **1.364.652** | **1.252.114** | **1.294.294** |
| **2.1** | Амортизација | 1.449.907 | 1.364.652 | 1.252.114 | 1.294.294 |
| **2.2** | Бесплатно добиени средства во текот на годината | | | | |
| **2.3** | Оттуѓени, расходувани и повлечени од употреба средства во текот на годината | 8.359 | | | |
| | **Вкупно одбитни ставки** | | | | |
| **3** | **RAB** $_{end}$ | **4.366.365** | **3.242.726** | **1.990.612** | **696.318** |
| **3.1** | Состојба на 31.12. | 4.366.365 | 3.242.726 | 5.950.612 | 6.706.318 |
| **4** | **Просечен RAB (RABave)** | **5.040.022** | **3.804.546** | **2.616.669** | **1.343.465** |
| **5** | **WACC** | | 5,47% | 5,47% | 5,47% |
| **6** | **Принос на сопствени средства (RA)** | | **208.185** | **143.184** | **73.514** |

Приносот на средствата за кои вршителот на дејноста производство на топлинска енергија има право на користење, е пресметан за постојните средства и примена на WACC на ниво од 5,47%. При пресметката на приносот не е земена во предвид вредноста на основните средства за кои Друштвото не поседува доказ за сопственост или право на користење. Вредноста на средствата за кои вршителот на дејноста производство на топлинска енергија има право на користење и приносот е прикажана во табелата подолу.

| Р.број | Опис | Базна година 2021 | Регулиран период | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2022 | 2023 | 2024 |
| **1** | **RAB start** | **491.019.286** | **455.745.435** | **455.745.435** | **455.745.435** |
| **1.1** | Состојба на 01.01. | 487.240.636 | 455.745.435 | 455.745.435 | 455.745.435 |
| **1.2** | Инвестиции во текот на годината | 3.778.650 | 34.861.385 | 34.861.385 | 34.861.385 |
| **2** | **Одбитни ставки** | **35.273.848** | **34.861.385** | **34.861.385** | **34.861.385** |
| **2.1** | Амортизација | 35.061.810 | 34.861.385 | 34.861.385 | 34.861.385 |
| **2.2** | Бесплатно добиени средства во текот на годината | | | | |
| **2.3** | Оттуѓени, расходувани и повлечени од употреба средства во текот на годината | 212.038 | | | |
| | **Вкупно одбитни ставки** | | | | |
| **3** | **RAB end** | **455.745.438** | **455.745.435** | **455.745.435** | **455.745.435** |
| **3.1** | Состојба на 31.12. | 455.745.438 | 420.884.049 | 455.745.435 | 455.745.435 |
| 4 | Просечен RAB (RABave) | 471.599.056 | 455.745.435 | 455.745.435 | 455.745.435 |
| 5 | Основни средства на кои не се пресметува принос | | 13.731.406 | 13.731.406 | 13.731.406 |
| **6** | **Просечен RAB (RABave) за пресметка за принос** | | **442.014.029** | **442.014.029** | **442.014.029** |
| **7** | **WACC** | | **5,47%** | **5,47%** | **5,47%** |
| **8** | **Принос на сопствени средства (RA)** | | **24.187.008** | **24.187.008** | **24.187.008** |

Вршителот на дејноста производство на топлинска енергија има законска обврска да е сопственик на средствата за вршење на дејноста или да има право на користење на истите, кое ќе го докаже со соодветен договор во кој ќе бидат регулираат меѓусебните права и обврски на вршителот на дејноста и сопственикот на средствата.

Пресметката на просечната пондерирана цена на капиталот (WACC) е извршена за 2021 година и истата вредност е преземена за 2022, 2023 и 2024 година и е прикажана во следната табела:

| р.бр | ОПИС И ОЗНАКА | РКЕ 2022-2024 |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал (денари) | 60 |
| 2 | Долг (денари) | 40 |
| 3 | Сопствен капитал (%) | 60,00% |
| 4 | Долгорочен долг, **Debt (%)** | 40,00% |
| 5 | Цена на долг, **Kd (%)** | 5,13% |
| 6 | Просечни каматни стапки на долгорочни кредити (€, $ и денари), одобрени на претпријатијата во РМ, а објавени од Народна банка на РМ, **Rm (%)** | 5,13% |
| 7 | стапка на поврат без ризик, која се утврдува како еднаква на приносот на обврзниците издадени од Владата на РМ, **Rf(%)** | 1,68% |
| 8 | Премија за ризик која се определува како разлика меѓу "просечен приход на ризични вложувања ($R_m$) и приход на неризични вложувања ($R_f$)", MRP | 3,45% |
| 9 | Бета на сопствен капитал, (пазарното портфолио), **β** | 1 |
| 10 | цена на сопствен капитал, **Ke (%)** | 5,13% |
| 11 | Стапка на данок на добивка, **Tp (%)** | 10,00% |
| **12** | **Пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување, WACC (%)** | **5,47%** |

При утврдување на надоместокот за системски услуги и системска резерва применет е фактор на порамнување (SX = 0,0242646) и земена е во предвид стапката на инфлација од 8,8% за 2022 година и 3% за 2023 и 2024 година, согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија.

**Трошоци за гориво**

При анализата на трошоците за гориво во период јануари – април 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика констатира дека Друштвото користеше природен гас. Потрошената количина на природен гас за производство на топлинска енергија во периодот јануари - април 2022 година, изнесува 11.506.852 nm³, со вкупна набавна вредност од 776.363.286 денари за произведени 110.046.200 kWh топлинска енергија.

При прогнозата на трошоците за гориво за период октомври – декември 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика предвидува дека Друштвото, во грејниот период октомври – декември 2022 година, како погонско гориво ќе користи природен гас. Прогнозираната количина на природен гас која ќе се потроши во истиот период е пресметана да изнесува 7.979.179 nm³, при што просечната прогнозирана цена за набавка на природниот гас изнесува 110,42 ден/nm³, односно прогнозираниот трошок за набавка на природниот гас изнесува 881.078.579 денари. Во грејниот период октомври – декември 2022 година се прогнозира да се произведе количина на топлинска енергија во износ од 74.677.139 kWh.

Учеството на производните капацитети за топлинска енергија на регулираниот производител се предвидува да изнесува 30% од вкупно потребните количини на топлинска енергија, за период октомври – декември 2022 година.

Во 2022 година се предвидува да се произведе вкупно 184.723.339 kWh топлинска енергија, со 19.486.031 nm³ природен гас и вкупен трошок во износ од 1.657.441.865 денари.

**Обртен капитал**

Обртниот капитал за 2022 година е пресметан да изнесува 16.574.419 денари, односно 1% од трошокот за гориво за 2022 година.

**Пренесени трошоци**

Пренесените трошоци во 2022 година изнесуваат 503.643 денари и се пресметани во ист износ како и остварените за 2021 година.

**Фактор на корекција**

Факторот на корекција за дејноста регулирано производство на топлинска енергија за 2021 година изнесува -17.627.807 денари. Регулираниот максимален приход остварен од вршење на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија за 2021 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2021}$) изнесува 752.340.447.

Остварениот приход за 2021 година ($R_{2021}$) изнесува 734.713.980 денари, согласно доставените податоци од Бруто билансот на претпријатието за 2021 година.

Просечната пасивна каматна стапка, објавена од Народната банка на Република Северна Македонија изнесува 0,76% за 2021 година.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија за 2021 година, повторно пресметан со признаени вредности наместо прогнозирани ($MARK_{2021}$) е презентирана во следнава табела:

| Р.бр. | О П И С | 2021 | |
|---|---|---|---|
| | | РКЕ-2021 УП1 бр.08-88/21 Одлука | MARKt-1 |
| 1 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 235.699.475 | 235.075.230 |
| 2 | Пренесени трошоци | 468.818 | 503.643 |
| 3 | Трошоци за гориво | 510.936.538 | 479.921.284 |
| | - мазут | 0 | 0 |
| | - природен гас | 510.936.538 | 479.921.284 |
| 4 | Обртен капитал | 5.109.365 | 4.799.213 |
| 5 | К фактор | -32.041.077 | -32.041.077 |
| 6 | Регулиран максимален приход | 784.255.273 | 752.340.447 |
| 7 | Произведена/планирана количина на топлинска енергија (kWh) | 277.426.551 | 261.858.400 |

Регулираниот максимален приход за 2022 година изнесува 2.013.121.872 денари за планирана вкупна произведена количина на топлинска енергија во 2022 година од 184.723.339 kWh.

Регулираната цена на произведената топлинска енергија во 2022 година е утврдена да изнесува 8,9726 ден/kWh.

Новиот вршител на регулираната дејност производство на топлинска енергија и Друштвото се должни да склучат меѓусебен договор со којшто ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски во

согласност со одлуките за одобрување на надоместок за системски услуги и системска резерва, регулиран максимален приход за вршење на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија и тарифен став за произведена топлинска енергија, како и во согласност со оваа Одлука во однос на оперативните трошоци, трошокот за амортизација на сопственикот на основните средства, приносот на основните средства на сопственикот, пренесените трошоци, трошокот за гориво, обртниот капитал и факторот на корекција.

Имајќи го во предвид горе наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

**УП1 Бр.11-165/22**
**29 јули 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**